Р е п у б л и к а С е в е р н а  М а к е д о н и ј а
**АГЕНЦИЈА ЗА ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА**
**ВО ЗЕМЈОДЕЛСТВОТО И РУРАЛНИОТ РАЗВОЈ**

Врз основа на член 12, став 1, алинеја 8 од Законот за основање на Агенција за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој („Службен весник на Република Македонија" број 72/2007, 05/2009, 43/2014, 193/2015 и 39/2016), директорот на Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој го донесе следното,

## О Д Л У К А
**за укинување на ОДЛУКА за избор на кандидат за вработување**

1. Согласно оглас број 02/2025 од 06.05.2025 година е донесена одлука за избор на кандидат за вработување на определено време број 04-1755/37 од 28.05.2025 година за работно место помлад соработник за подготовка и извршување на контрола, одделение за контрола на мерките финансирани од Буџетот на Европската Унија, сектор за контрола на терен.
2. **Со оваа Одлука се укинува Одлуката број 04-1755/37 од 28.05.2025 година за избор на кандидат за вработување на определено време.**
3. Оваа Одлука стапува на сила со денот на неговото потпишување од страна на директорот на Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој и истата да се објави на веб страната на Агенцијата.

### О б р а з л о ж е н и е

Со Одлука за избор на кандидат за вработување број 04-1755/37 од 28.05.2025 година е избрано лицето Стефан Ѓуровски по оглас број 02/2025 од 06.05.2025 година објавен на веб страната на Агенцијата и во дневните весници Нова Македонија и Коха, за работно место помлад соработник за подготовка и извршување на контрола, одделение за контрола на мерките финансирани од Буџетот на Европската Унија, сектор за контрола на терен за што до избраниот кандидат за вработување на определено време е пратено известување за потпишување на договор на електронска адреса на ден 03.06.2025 година од страна на член на Комисијата за вработување.

Од страна на избраниот кандидат е доставено до Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој **известување број 04-1755/57 од 05.06.2025 година дека поради лични причини избраниот кандидат не е во можност да потпише договор по оглас број 02/2025 од 06.05.2025 година за горенаведеното работно место**.

Согласно член 12, став 1, алинеја 8 од Законот за основање на Агенција за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој се одлучи како во диспозитивот.

ПРАВНА ПОУКА: Против ова Решение може да се изјави жалба преку Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој до Комисијата на Агенцијата за администрација за решавање во втор степен по жалби и приговори на државните службеници во рок од 8 (осум) дена сметано од денот на приемот на ова Решение.
Решено во АФПЗРР Скопје, под број 04-1755/57 од ___.___.2025 година.

09-06-2025

М.П.

**Д И Р Е К Т О Р**

**Илија Стоилев**

Агенција за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој, Република Северна Македонија — Skopje-Shkup

Доставено до:
- именуваниот административен државен службеник,
- одделение за управување со човечки ресурси и
- архива.

Изработил: Благица Велковска
Одобрил: Влатко Серафимовски